Повеќе медиуми ги објавија резултатите од истражувањето за односот на граѓаните кон животот што го правеше МЦМС како дел од поширокото истражување за општествената одговорност на граѓаните. Подолу се дел од написите и прилозите:

**Живот во живо**

Гостување на Гонце Јаковлеска од МЦМС во емисијата „Живот во живо" што се емитуваше на Македонското радио на 20 мај 2009 година.

{mp3}zivot-vo-zivo-mrt-gjk{/mp3}

Извор: МРТ (20.05.2009)

**Анкета на МЦМС: Голем дел граѓани не го поддржуваат абортусот, еутаназијата и различната сексуална ориентација**

Околу 73 проценти од македонските граѓани не го одобруваат правото на избор во однос на развод, абортус, еутаназија и сексуална ориентација. Поддршката на про-избор - право на избор во однос на развод, абортус, еутаназија и сексуална ориентација е околу 27 проценти, покажуваат испитувањата што ги спровел Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ).

Резултатите од анкетата спроведена во март годинава на репрезентативен примерок од 1.600 испитаници постари од 18 години, а за потребите на Македонскиот центар за меѓународна соработка, покажуваат  дека ставовите на мажите и жените за родови прашања, вклучувајќи и абортус, се слични и не се разликуваат за повеќе од +/-5 процентни поени, со исклучок на проституцијата.

Истражувањето покажало постоење разлики меѓу етничките Македонци и етничките Албанци, кои се повторуваат меѓу христијаните од православна традиција и муслиманите.

Поддршка на про-избор прашањата има кај околу 31 процент од етничките Македонци и кај 16 проценти од етничките Албанци. Религиозните граѓани ги поддржуваат про-живот прашањата со околу 76 проценти, а нерелигиозните граѓани со околу 56 проценти. Покрај ваквите ставови и двете групи имаат слични ставови за другите прашања, на пример во неодобрувањето на проституцијата.

Поддршката за про-избор прашањата е најголема во Скопје и таа изнесува околу 40 проценти. На другата страна најмала е поддршката во руралните подрачја со околу 77 проценти.

Резултатите покажуваат и дека не постои значајна разлика врз партиска (идеолошка) основа меѓу десницата и левицата, односно меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ поддршката за про-живот е 76 проценти, а меѓу симпатизерите на СДСМ е 67 проценти. Голема разлика нема ниту по прашањето на религиозноста, односно околу 85 проценти од симпатизерите на ВМРО ДПМНЕ се изјасниле дека се религиозни, а истиот одговор го дале и околу 80 проценти од симпатизерите на СДСМ.

Податоците од истражувањето покажуваат дека повеќето граѓани, или над 80 проценти се религиозни. Само околу 14 проценти се изјасниле дека се нерелигиозни, а околу 1 процент дека се атеисти.

МЦМС го испитувале оправдувањето на насилството. Мал Ibрој граѓани или околу 3 проценти оправдуваат насилство над жената, а околу 6,9 проценти над децата. Релативно високото оправдување на тепањето на децата од 20 проценти има кај етничките Албанци.

Извор: МИА (14.05.2009)

**Анкета:Мнозинството против абортусот, еутаназијата и хомосексуалноста**



Околу 73 проценти од македонските граѓани не го одобруваат правото на избор во однос на развод, абортус, еутаназија и сексуална ориентација. Поддршката на про-избор - право на избор во однос на развод, абортус, еутаназија и сексуална ориентација е околу 27 проценти, покажуваат испитувањата што ги спровел Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ).

Резултатите од анкетата спроведена во март годинава на репрезентативен примерок од 1.600 испитаници постари од 18 години, а за потребите на Македонскиот центар за меѓународна соработка, покажуваат  дека ставовите на мажите и жените за родови прашања, вклучувајќи и абортус, се слични и не се разликуваат за повеќе од +/-5 процентни поени, со исклучок на проституцијата.....

Извор:  Алсат-М (14.05.2009)

**Македонците се против развод, абортус, еутаназија и сексуална ориентација**



Време (16.05.2009)